Македонија

The Global Language of Business

# Вовед во Глобалниот Локациски Број (GLN)

Издание 1.0

Вовед во Глобалниот Локациски Број (GLN). Издавач: GS1 Македонија, Август 2018



# Содржина

1 Што е Глобален Локациски Број? 4

2 Зошто се користи GLN? 4

3 Клучен Атрибут на GLN: Уникатност 4

4 Бенефити за Бизнисите од користење на GLN броевите 4

5 Како се формира GLN? 5

6 Најчести прашања во врска со GLN 6


*© 2018 GS1 Македонија, СИТЕ ПРАВА ЗАДРЖАНИ*

## За GS1

GS1® е неутрална, непрофитна организација која ги развива и одржува најшироко користените стандарди за синџирот на снабдување во светот. GS1 Стандардите ја подобруваат ефикасноста, безбедноста и видливоста на синџирот на снабдување во голем број на сектори. Со локални Организации Членки во преку 110 држави, GS1 е вклучен и соработува со бизнис заедниците на трговските партнери, организациите на индустриски здруженија, владите и регулаторните тела, провајдерите на технолошки решенија итн., со цел да ги разбере и да одговори на потребите на бизнисите преку усвојување и имплементација на глобалните стандарди. Движечка сила на GS1 се повеќе од милион кориснички компании кои вршат над шест милијарди трансакции на деловни податоци дневно користејќи ги GS1 Стандардите во над 150 држави во светот.

## За GS1 Македонија

GS1 Македонија®, членка на Глобалната GS1 Организација е непрофитна организација за стандарди која ја олеснува меѓу-бизнис соработката и интерното работење на компаниите, полесно и поефикасно одвивање и видливост на процесите во синџирот на снабдување преку користење на GS1 Стандарите. GS1 Македонија е единствена организација овластена од GS1 Глобалната канцеларија за доделување и управување со GS1 бар кодовите на територијата на Република Македонија.GS1 Македонија во сегментот на своето делување (автоматска идентификација, електронска размена на податоци, унапредување на деловните процеси), сака да биде и да остане центар на совршенство, овозможувајќи им не своите членки на што е можно поедноставен и ефикасен начин да ги користат сите елементи на GS1 системот.


*© 2018 GS1 Македонија, СИТЕ ПРАВА ЗАДРЖАНИ*

# 1 Што е Глобален Локациски Број?

Глобалниот Локациски Број (Global ЛОКАЦИЈА Number - GLN) се користи за идентификација на локации и правни ентитети. Овој уникатен идентификатор  се состои од GS1 Компаниски Префикс, Референца на Локацијата и Контролен Број.

# 2 За што се користи GLN?

GLN броевите се користат за идентификација на страните во бизнис трансакциите, функционалните единици во рамките на одделна компанија или пизички локации на кои се врши

- **ПРАВНИ ЕНТИТЕТИ:** компании како целина, подружници или оддели на истите, корпорација во здравствениот систем итн.
- **ФУНКЦИОНАЛНИ ЕНТИТЕТИ:** специфичен оддел во рамките на правниот ентитет како што е оддел за сметководство, оддел за набавки, болничка аптека итн.
- **ФИЗИЧКИ ЛОКАЦИИ:** производствен погон, дистрибутивен центар, магацин, утоварна рампа, болничко крило, локација и на најмалата складишна локација. продавница итн.
- **ДИГИТАЛНИ ЛОКАЦИИ:** електронска или не-физичка адреса како што е EDI портал или ERP систем

GLN е неопходна компонента при користење на Глобалната Мрежа за Синхронизација на Податоци - Global Data Synchronization Network™ (GDSN®) и различните типови на трансакции во е-комерцијата. Глобалниот GS1® систем обезбедува поставениот GLN во баркод или Електронски Код на Производ - Electronic Product Code (EPC®) е истата информација која се содржи во кореспондентните електронски документи процесирани меѓу трговските партнери.

# 3 Клучен Атрибут на GLN: Уникатност

GLN се користи за уникатно идентификување на било која локација или правен ентитет насекаде во светот. Некои од компаниите избираат да доделат еден GLN за целиот бизнис, додека други доделуваат поединечни GLN број за секоја одделна локација, која треба да ја идентификуваат. Тоа може да биде приемна рампа или или локација - болнички кревет болничко одделение. GLN поддржува флексибилност за секое потребно ниво на идентификација на локација.

Како GS1 Идентификационен Клуч, GLN е уникатен, овозможувајќи им на трговските партнери да ги разменуваат GLN броеви за идентификација на локации без опасност од дуплирање на број. GLN може да биде доделен од компанија насекаде во светот и може да се користи насекаде во светот.

# 4 Бенефити за Бизнисите од користење на GLN броевите

Бројни се бенефитите од користење на GLN за идентификација на страните, функционалните групи и физичките локации:

- Структурата на GLN и неговото доделување се администрирани од GS1®, непрофитна организација за стандарди и се поддржани од имплементациони водичи и прирачници и друга стручна литература, како и од најдобрите бизнис практики и оддржување.
- GLN може да се користи низ целиот свет без потреба деловните парнери да мораат да обезбедат соодветни сопствени броеви за обезбедување на уникатноста.
- Користењето на GLN штеди време и финансии, бидејќи бројот може да се движи брзо и со доверба низ синџирот на снабдување.


*© 2018 GS1 Македонија, СИТЕ ПРАВА ЗАДРЖАНИ*

- GLN броеви може да бидат доделени на било која локација за да ги задоволат потребите/барањата на бизнисите насекаде во светот - вчитување на товарните докови, згради на државни институции, па дури и кола во рутер итн.
- GLN може да биде доделен на генерички одделенија на истата локација, како и на работни точки кои фунционираат без персонал (на пр., банкомати, вендинг машини итн.)
- Употребата на GLN броеви на компаниите им обезбедува метод на идентификација на локации и внатре и надвор од нивната организација, што е:
  - **ЕДНОСТВНО:** едноставно дефинирана податочна структура со контрола на интегритетот која го олеснува процесирањето и преносот на податоците
  - **УНИКАТНОСТ:** GLN броевите се уникатни насекаде во светот
  - **МУЛТИ-СЕКТОРСКИ:** безначната (сама по себе структурата на GLN не е податок туку е клуч за пристап до податоците во базите на податоци) овозможува идентификација на било која локација без оглед на нејзината дејност, насекаде во светот
- GLN броевите можат да бидат кодирани во GS1-128 и GS1 DataMatrix симболите и/или во оспособени за EPC Радио Фрекфентни Идентификациски (RFID) тагови физички присутни на:
  - Трговските единици (производите), за идентификација на страните вклучени во трансакцијата (на пр., купувач или добавувач)
  - Логистичките единици, за идентификација на страните вклучени во трансакцијата (на пр., испраќач/превозник и примател)
  - Физичките локации (на пр., место на достава, место од каде тргнува испораката, точк на складирање итн.
- GLN обезбедуваат глобално уникатен одговор на прашањето „Каде?“ во EPC Информационите Системи (EPCIS) и обезбедуваат основа за глобална видливост и следливост во синџирот на снабдување.

# 5 Како се формира GLN?

- GS1 Компаниски Префикс
- Референца на Локација
- Контролен Број

**Табела 5-1** Формирање на GLN

| GS1 Компаниски Префикс → | | | | | | ← Референца на Локација | | | | | | Контролен Број |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| $N_1$ | $N_2$ | $N_3$ | $N_4$ | $N_5$ | $N_6$ | $N_7$ | $N_8$ | $N_9$ | | $N_{11}$ | $N_{12}$ | $N_{13}$ |

Трите чекорите во формирањето на GLN броеви се:

1. **ЗАПОЧНЕТЕ СО ВАШИОТ GS1 КОМПАНИСКИ ПРЕФИКС.** Вашиот GS1 Компаниски Префикс е глобално уникатен број кој се издава од страна на GS1 Македонија® или друга GS1 Организација Членка. GS1 Компаниските Префикси кои се доделуваат на компаниите можат да имаат различни должини. Некои компании членки на GS1 US можат да имаат сертификат само за т.н. U.P.C. Компаниски Префикс (порано UCC Компаниски Префикс) кој мора да се конвертира во GS1 Компаниски Префикс за користење во GLN. Ова се постигнува со додавање на нула пред U.P.C. Компанискиот Префикс. Тоа можете да го видите во слетниов пример:


© 2018 GS1 Македонија, СИТЕ ПРАВА ЗАДРЖАНИ

**Табела 5-2**
Конверзија на U.P.C. Компаниски Префикс во GS1 Компаниски Префикс за GLN

| U.P.C. Компаниски Префикс | Конверзија во GS1 Компаниски Префикс |
|---|---|
| 801234 | 0801234 |
| 8412340 | 08412340 |
| 81123400 | 081123400 |

2. **КРЕИРАЈТЕ РЕФЕРЕНЦА НА ЛОКАЦИЈАТА.** Бројот за Референца на Локацијата се доделува од ваша стана – носител на GS1 Компанискиот Префикс, за идентификација на локација или функционален ентитет во рамките на вашата компанија. Референца на Локацијата варира во должината и таа зависи од должината на вашиот GS1 Компаниски Префикс. Збирната должина на GS1 Компаниски Префикс Референца на Локацијата мора секогаш да биде 12 цифри.

   **Внимание**: Доделувајте ги Броевите - Референци на Локациите последователно и не вградувајте било какви податоци во броевите. Шемата која го дефинира одредениот опсег на Референци на Локациите нема да има значење доколку компанијата се реорганизира, купи или се спои со друга фирма, биде припоена кон друга или пак друг член на персоналот ја преземе должноста за доделување на GLN броевите.

3. **ПРЕСМЕТКА НА КОНРОЛЕН БРОЈ.** Контролниот Број е пресметан едноцифрен број кој служи за валидизација на интегритетот на податоците. Се пресметува по истиот Алгоритам како за GTIN-13, а начинот можете да го видите тука:

# 6 Најчести прашања во врска со GLN

### Што се мисли под поимот Локација?

GLN е уникатна податочна структура со која се идентификува било која правна, дигитална, функционална или физичка локација на една компанија или организационен ентитет. Примери за Локации на кои можат да им бидат доделени GLN броеви се:

- Физички Локации
  - Магацин
  - Одреден магацински влез, товарна рампа или Локација за испорака
  - Одредена соба во зграда
  - Одредена магацинска слатажа или полица на сталажа
  - Одредена полица во продавница
  - Болничко крило
  - Операциона сала
- Дигитални Локации
  - ERP систем
- Правни Ентитети
  - Цела компанија
  - Оддел или подружница на компанија, на пример добавувач
  - Банка
  - Потрошувач/Клиент


© 2018 GS1 Македонија, СИТЕ ПРАВА ЗАДРЖАНИ

- Функционални делови на правен ентитет
  - Оддел на трговец кој направил купување или во кој треба да се направи враќање
  - Фактурен оддел во болница
  - Оддел за сметководство во компанија
  - Одреден клиент/потрошувач во правен ентитет
  - Соба на медицинските сестри во болнички оддел
  - Болнички оддел

### Кој е прв чекор за производителите, дистрибутерите и трговците на мало за самоиндетификација со GLN?

Ако вашата компанија не поседува GS1 Компаниски Префикс, контактирајте со GS1 Македонија за да се здобиете со право на користење на Компаниски Префикс. Ако веќе има GS1 Компаниски Префикс, можете да почнете со доделување на GLN броеви веднаш!

### Дали компанијата мора да има GS1 Компаниски Префикс за да креира GLN броеви?

ДА! GLN броевите се креираат со користење на GS1 Компаниски Префикс доделен на вашата компанија од страна на надлежна GS1 Организација – Членка.

### Која е разликата меѓу GLN и GTIN?

Не постои друга врска освен употребата на слични техники за управување со уникатноста на броевите. GLN броевите ги идентификуваат страните и локациите, додека GTIN броевите ги идентификуваат трговските единици (односно, производите и услугите). Во рамките на GS1 системот, GLN и GTIN се два различни идентификатори на податоци. Нема конфликт кога GTIN и GLN ги имаат истите цифри. Носачот на податоци (т.е. електронската размена на податоци, машински читливиот симбол или RFID тагот) ќе прави разлика помеѓу двата идентификатори. На пример, кога GLN се користат за автоматска идентификација и добивање на податоци (AIDC) и електронски комуникации, контекстот (апликациски идентификатори и квалификатори) се користат за поддршка на правилно толкување.

### Кои се предностите од користење на GLN броевите?

Користењето на GLN броевите обезбедува глобално уникатна, стандардизирана идентификација на страните и локациите во и надвор од вашата компанија што е:

- **ЕДНОСТАВНО:** Едноставната структура на податоците со контрола на интегритетот кој го олеснува процесирањето и трансмислијата на податоците.
- **УНИКАТНО:** GLN броевите се уникатни и прифатени во целиот свет.
- **МУЛТИ-СЕКТОРСКИ:** Безначната структурата на GLN овозможува идентификација на било која локација без оглед на нејзината дејност, насекаде во светот
- **ГЛОБАЛНО:** GLN се имплементирани насекаде во светот и поддржани од меѓународната мрежа на GS1 Организации Членки во повеќе од 100 држави на локалните јазици.

### Зошто е подобро да се користат GLN броевите наместо интерен систем за идентификација?

Секоја компанија може да дизајнира сопствен внатрешен систем и кодна структура за да ги идентификува сите локации кои ги покриваат неговите оперативни барања. Иако примена на интерно решение може да се чини дека е најлесниот и најбрз пат напред, овој пристап носи со неколку проблеми кога се разменуваат информации меѓу трговските партнери, како што се:

- **УДВОЈУВАЊЕ:** Два или повеќе трговски партнери може да се случи да користат исти кодови за означување на локациите кои се всушност различни интерни локации во нивните компании.
- **КОМПЛЕКСНОСТ:** Интерните кодови имаат различни формати, податочни структури и должини правејќи го софтверското програмирање скапо и сложено.


*© 2018 GS1 Македонија, СИТЕ ПРАВА ЗАДРЖАНИ*

- **ЗНАЧЕЊЕ:** Локациските кодови кои содржат информации кои се однесуваат на локациите во кодната структура се тешки за обработка како што структурата ќе вклучи нови значења.

### Може ли GLN да се промени?

Ако локацијата идентификувана со GLN се промени на начин кој влијае на точката на пристап до податоци, страната одговорна за GLN треба да додели нов GLN и да ја ажурира нивната база на податоци и да ги извести надлежните во нивната матична GS1 Органицација (GS1 Македонија). GLN кој престанал да се користи треба да остане во „карантин" најмалку 4 години пред повторно да биде доделен – време кое се смета дека е доволно сите референци на тој GLN да бидат отстранети од датотеките на партнерите. За секое доделување на GLN и повторно доделување мораат да бидат известени партнерите на компанијата како и надлежната GS1 Организација.

### Како се доделуваат сегментите на Референцата на GLN?

За поедноставна администрација, се препорачува Референците на локациите да се доделуваат последователно и да не содржат „класификациони" елементи. Шемата која го дефинира одредениот опсег на Референци на Локациите нема да има значење доколку компанијата се реорганизира, купи или се спои со друга фирма, биде припоена кон друга или пак друг член на персоналот ја преземе должноста за доделување на GLN броевите.

### Кој врши комунукација со GLN?

Должност е на компанијата која доделува GLN броеви да ги информира своите бизнис партнери за сите издадени броеви и информациите поврзани со нив. Особена грижа и внимание е потребно ако сопственоста на компанијата се смени.

### Кои се бенефитите од GLN?

- GLN броеви можат да се користат насекаде во светот без потреба трговските партнери на компанијата да мораат да доделуваат сопствени броеви за обезбедување на уникатност.
- Користењето на GLN штеди време и финансии, бидејќи бројот може да се движи брзо и со доверба низ синџирот на снабдување.
- GLN броеви може да бидат доделени на било која локација за да ги задоволат потребите/ барањата на бизнисите насекаде во светот - вчитување на товарните докови, згради на државни институции, па дури и кола во рутер итн.
- GLN броеви на корисниците им овозможуваат целосна функционална примена на GS1 Системот.
- GLN обезбедуваат глобално уникатен одговор на прашањето „Каде?" во EPC Информационите Системи (EPCIS) и обезбедуваат основа за глобална видливост и следливост во синџирот на снабдување.
- GLN броевите можат да бидат кодирани во GS1-128 и GS1 DataMatrix симболите и/или во оспособени за EPC Радио Фрекфентни Идентификациски (RFID) тагови физички присутни на:
    - Трговските единици (производите), за идентификација на страните вклучени во трансакцијата (на пр., купувач или добавувач)
    - Логистичките единици, за идентификација на страните вклучени во трансакцијата (на пр., испраќач/превозник и примател)
    - Физичките локации (на пр., место на достава, место од каде тргнува испораката, точк на складирање итн.


© 2018 GS1 Македонија, СИТЕ ПРАВА ЗАДРЖАНИ

## Кои Апликациони Идентификатори се користат појаснување на доделените GLN броеви?

- AI (410) „Превези до – Испорачај до (Ship to – Deliver to)“ GLN
- AI (411) „Наплати на – Фактурирај на (Bill to – Invoice to)“ GLN
- AI (412) „Купено од (Purchased from)“ GLN
- AI (413) “Испорачај за – Испорачај за - Донеси до (Ship for – Deliver for – Forward to)“ GLN
- AI (414) GLN на Физичка Локација
- AI (415) GLN на Страната која врши фактурирање
- AI (416) Production or Service ЛОКАЦИЈА GLN на Локацијата на Производство или Сервис (Услуга)

## За повеќе информации за GS1 Македонија, GLN броевите, и сите GS1 Стандарди:


- ***Email*** gs1mk@gs1mk.org.mk
- ***Повик*** 02/32 54 252
- ***Web*** www.gs1mk.org.mk



*© 2018 GS1 Македонија, СИТЕ ПРАВА ЗАДРЖАНИ*

## Изјава за сопственички права

Овој документ содржи информации за сопственоста и правата кои не смеат да се менуваат без согласност за користење на било која страна дадена од GS1 Македонија.

## Подобрувања

GS1 Македонија прави периодични прилагодувања и подобрувања на публикациите. Сите материјали подлежат на промени без претходна експлицитна најава. Ве молиме следете го сајтот на GS1 Македонија за сите потребни содржини и публикации и нивните периодични подобрувања.

## Оградување од одговорност

ОВОЈ ДОКУМЕНТ (ВОВЕД ВО ГЛОБАЛНИОТ ЛОКАЦИСКИ БРОЈ (GLN).) ИМА ИНФОРМАТИВЕН КАРАКТЕР И СЕ НУДИ „КАКО ШТО Е" БЕЗ ГАРАНЦИИ, ВКЛУЧУВАЈЌИ БИЛО КАКВИ ГАРАНЦИИ ЗА ИНТЕРЕС ЗА ПРОДАЖБА, ЕКСЛУЗИВНО ПРАВО НА КОРИСТЕЊЕ, ПРИКЛАДНОСТ ЗА ОДРЕДЕНА УПОТРЕБА ИЛИ БИЛО КАКВА ГАРАНЦИЈА КОЈА ИНАКУ ПРОИЗЛЕГУВА ОД ОВАА СПЕЦИФИКАЦИЈА.

GS1 Македонија не сноси одговорност за било какви штети предизвикани при користење или погрешно користење на содржината на овој Документ, без оглед дали станува збор за специјални, индиректни, последични или конпензациони штети, вклучувајќи ја и одговорноста било кои права на интелектуална сопственост, поврзани со користење на информациите во овој документ и кои се однесуваат на него во целост или на одредени негови делови.

Исто така, посветено е внимание на можноста содржините на еден или повеќе делови на овој Документ да бидат предмет на патент или друго право на интелектуална сопственост кое не вклучува  Неопходно Барање. Било кој ваков патент или право на интелектуална сопственост не е предмет на обврските за лиценцирање на GS1, односно на GS1 Македонија која е единствена организација овластена од GS1 Глобалната канцеларија за доделување и управување со GS1 Баркодовите на територијата на Република Македонија. GS1 Македонија во сегментот на своето делување (автоматска идентификација, електронска размена на податоци, унапредување на деловните процеси), сака да биде и да остане центар на совршенство, овозможувајќи им на своите членки на што е можно поедноставен и ефикасен начин да ги користат сите елементи на GS1 Системот.

GS1 Македонија го задржува правото да прави измени на овој документ во било кое време, без известување GS1 не нуди гаранција за користењето на овој домумент и не презема никаква одговорност за било која грешка која може да се појави во овој документ, ниту се обврзува да ги ажурира тука содржаните информации.


© 2018 GS1 Македонија, СИТЕ ПРАВА ЗАДРЖАНИ

**GS1 Македонија**

Извршен Директор:
Слаѓана Милутиновиќ

Ул. Даме Груев 5
Скопје, Р. Македонија
**T** 02/32 54 250 | **E** gs1@gs1mk.org.mk
www.gs1mk.org.mk

**Поврзете се со нас:**

5 310000 000456